**ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ**

**Час:** 8
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 1 - основи на користење компјутер и друга ИТ
**Наставна содржина:** Компјутерски вируси
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да се запознае со поимите компјутерски вирус и антивирусна програма
**Очекувани резултати:** Објаснува што е компјутерски вирус и што е задачата на антивирусната програма
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка работа, индивидуална работа
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, метод на демонстрација
**Наставни средства:** Компјутери
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, објаснува

**ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ**

**Воведна активност:** Се дискутира што се „вируси“ во секојдневниот живот и какво влијание имаат врз човечкиот организам. (Тоа се многу мали живи организми кои без знаење на човекот влегуваат во неговото тело, ја преземаат контролата врз работата на клетките, а со тоа и врз здравјето на одредени органи). Најава на целта на часот.
**Учечко - поучувачки активности:** Освен „вируси“ во секојдневниот живот, постојат и „компјутерски вируси“. Разликата помеѓу обичните вируси и компјутерските вируси е тоа што обичните вируси се живи организми, а компјутерските вируси се непожелни програми кои без наше знаење „влегле“ во нашиот компјутер. Компјутерските вируси исто така сакаат да „заразат“ што е можно повеќе компјутери и сакаат да се рашират на што е можно повеќе места на „заразениот“ компјутер. Компјутер „заразен“ со вируси работи многу бавно, многу бавно се стартува, а понекогаш и оперативниот систем не може да започне со работа. Компјутерот може да се „зарази“ со компјутерски вирус на неколку начини:

1. Со внесување на „заразено“ CD или USB стикче во компјутерот,
2. Со симнување „кракови“ за да може бесплатно да работи програмата или играта за чие користење треба да се плати,
3. Преку отворање е-пошта добиена од непознати луѓе на која има прикачено датотека, која всушност е вирус.

- Наставникот поставува поттикнувачко прашање: Дали ви се случило вашиот компјутер да биде „заразен“ со компјутерски вирус? Како изгледала работата на тој компјутер? Како бил отстранет вирусот на „заразениот“ компјутер?
- За да не се „зарази“ нашиот компјутер од компјутерски вирус, треба да има антивирусна програма. Антивирусната програма, откако ќе ја инсталираме, се стартува автоматски со стартувањето на оперативниот систем. Компјутерот кој има антивирусна програма треба да биде приклучен на Интернет. Во долниот десен агол од компјутерот треба да ја има иконата на антивирусната програма.
На LCD проектор ја покажувам иконата. Неколку икони со антивирусни програми има на сликата:



АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ: Одделението се дели во групи, секоја група добива задача да напише што треба да направат за да го заштитат компјутерот од компјутерски вируси.
Очекуван одговор:

1. Да користиме антивирусна програма,
2. Да не симнуваме „кракови“ за бесплатно користење на програми што треба да се платат,
3. Да не отвораме е-пораки од непознати луѓе кои имаат прикачена датотека...

**Активности за евалуација:** Дискусија за компјутерските вируси и начини како да се заштитиме од нив.

obrazovanie.literatura.mk